Association for Technical and Technological Education
Асоцијација за Техничко Технолошка Едукација

Кичевска 23,7000 Битола, Р. Македонија, тел. +389 (0)47 231-400, info@atte.mk, www.atte.mk

*До: Директорите и Професорите на сите Средни Училишта*
*Република Македонија*
*05.05.2011*

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за

Натпревар за инспирација на младите

Почитувани директори и наставници, ни претставува огромно задоволство да ве известиме дека АТТЕ - Битола во партнерство со *World Space Week Association* организира државен натпревар склоп на проектот *Youth Inspiration* како прослава за 50-годишнината од првиот човечки-вселенски лет.

Пријавувањето за учество ќе трае од 05-Мај-2011 до 31-Мај-2011 и учениците ќе може да го направат тоа директно на интернет страната на АТТЕ:
http://www.atte.mk/youth-inspiration



Притоа, секој учесник мора:

1. Да се регистрира директпо на веб-страната на АТТЕ, т.е. адресата: http://www.atte.mk/youth-inspiration каде што мора да го поднесат своето име и презиме, и шифра за поднесување на есејот.
2. Да напише есеј (писмена работа не подолга од 3-страници) и да го поднесе најдоцна до 31-Мај-2011г. и тоа:
   - Мора да биде поднесено по електронска пошта на: info@atte.mk под наслов *Youth Inspiration Project 2011*,
   - Името на фајлот (електронскиот документ) мора да биде вашата шифра што ја регистриравте,
   - Есејот мора да биде во еден од следните формати: .doc, .docx, .pdf,
   - Името на учесникот не смее да фигурира никаде низ есејот (освен шифрата, за судиите транспарентно и ферски да го оценат најдобриот труд),
   - Темата на есејот е отворена за нешто од вашиот животен пат или настан во животот, што ве инспирира да станете тоа што сте и што ве води да барате поголемо знаење да допринесете во вашата заедница, вашата земја, или светот. Најинспирационот есеј ќе го победи на натпреварот.

Победниците ќе имаат можнот да летаат во без-тежинска состојба над Соединетите Американски Држави:
http://www.worldspaceweek.org/youth_inspiration.html

Со надеж за добра соработка,

Александар Стефановски

Асоцијација за Техничко
Технолоска Едукација

05.05 .2011
Битола